# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КАРДИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука 2002-220/14 од 13.7.2026 година, донесена на 361. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 13.7.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област кардиологија (3.02.00.02) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип:

- проф. д-р Елизабета Србиновска Костовска, редовен професор за наставно-научната област кардиологија на Медицински факултет, Универзитет „Св.Кирил и Методиј” во Скопје - претседател;
- проф. д-р Христо Пејков, редовен професор за наставно-научната област кардиологија на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - член;
- проф. д-р Милка Здравковска, редовен професор за наставно-научната област епидемиологија и здравствена статистика и информатика на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Вечер” и „Коха“ на 2.7.2026 година и во предвидениот рок се пријави:

насловен доцент д-р Тања Анѓушева, доктор на медицински науки, од научната област интерна медицина-кардиологија, вработена во Специјална болница „Жан Митрев клиника“ во Скопје.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

***Биографски податоци***

Д-р Тања Анѓушева е родена на 10.10.1966 година во Велес. Основно и средно образование завршува во Велес. Со високо образование се стекнува на Медицинскиот факултет во Скопје, каде што дипломира во 1990 год. со просечен успех од 8,65. По завршување на Медицински факултет се вработува како општ доктор во Воената амбуланта во Велес, од 1994 г. се вработува на Одделението за интензивна нега за интерна медицина во Воената болница во Скопје, а од 2000 година работи во Одделот за интензивна нега во специјалната болница „Филип Втори” во Скопје. Во институцијата имала повеќе раководни функции како медицински директор на лекари. Се запишува на специјализација по интерна медицина во 1993 год. на Медицинскиот факултет на УКИМ Скопје. Специјалистичкиот испит по предметот Интерна медицина го положува во 1997 год. со што се стекнува со звање специјалист по интерна медицина. Во 2004 година ја завршува Школата за трансезофагеална ехокардиографија на Универзитетската болница „Дојче Херц центрум“ во Берлин, Германија, и ги усовршува сите инвазивни перкутани процедури на Одделот за интензивно

лекување, како што се перкутана трахеостома, перкутана гастростома, перкутано ставање на дренови, цистостома. Во 2006 година го заврши курсот за напредна 3Д ехокардиографија. Супспецијалистичкиот испит по кардиологија го положува во 2012 година на Медицинскиот факултет во Скопје, со што се стекнува со звање супспецијалист по кардиологија на Медицинскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Постдипломски студии на Универзитетска клиника за кардиологија во Скопје завршува во 1994 година на тема „Имунолошка активност кај пациенти со исхемична крајна фаза на срцева слабост". Докторските студии ги завршува на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип во 2018 година, а од 2012 година е координатор за едукација и асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Прва започна со примена на Огзирис филтерот и континуираната вено-венска ултрафилтрација во третманот на акутната бубрежна инсуфициенција, како и акутната сепса во одделите за интензивно лекување во РС Македонија, но воедно две години беше активен едукатор за примена на Огзирис филтерот во третманот на сепса за Бакстер и одржа повеќе едукативни работилници не само во РС Македонија, туку и во единиците за интензивно лекување во Словенија, Босна и Херцеговина, Србија, со што отвори нов пристап пред се во третманот на акутниот ендокардит. Во 2019 година ја започна и разви програмата за третман на терминален стадиум на срцева слабост со примена на механичка циркулаторна потпора во болницата „Жан Митрев клиник", но и пошироко во земјава. Во ноември 2023 г. ја заврши Школата за ергоспирометрија во Белград. Во октомври 2024 г. ги заврши двогодишните постдокторски студии за срцева слабост во Лондон. Во 2026 г. е активирана како едукатор на АББОТТ за механичка циркулаторна потпора на Одделот за интензивно лекување во Минск Белорусија. Актуелно д-р Анѓушева е водич на тимот за механичка циркулаторна поддршка при крајна фаза за хронична срцева слабост, како и на тимот за трансплантација на срце на РС Македонија и активно учествуваше во успешната реализација на првата трансплантација на срце во РС Македонија.

**Стручна активност**

Од 26.2.2002 год. е во редовен работен однос во ПЗУ „Жан Митрев клиник". Насл. доц. д-р Тања Анѓушева ги постави и разви основите на модерното интензивно лекување и ги внесе сите инвазивни перкутани техиники во секојдневната пракса на интензивното лекување.

Д-р Тања Анѓушева има реализирано повеќе стручни престои и едукации, меѓу кои:

· Јуни 2000 г. – Ја завршува меѓународната имунолошка школа во Ферара, Италија;

· 12/2003-6/2004 – едукација за интензивно лекување, Берлин во Германскиот центар за срце. Во овој центар ги завршува следниве школи:

- Школа за интераоперативна трансезофагеална ехокардиографија,
- Школа за перкутана траехотомија и
- Школа за континуирана рено-ренална заместителна терапија;

· 5/2006 Завршен курс за 3Д ехокардиографија во Ротердам, Холандија;

· 9/2006 Го завршува напреднатиот курс за интреоперативна трансезофагеална ехокардиографија (Виена/Австрија);

· 4/2007 Курс за научноистражувачка дејност организиран од Европското здружение за кардиоторакална хирургија;
· 6/2007 Избрана за член на Програм комитетот на ИСМИКС – Рим, Италија;
· 12/2007 Го завршува напредниот курс за ЦРРТ организиран од Гамбро (Белград, Србија);
· 5/2008 е избрана за член на Програм комитетот на Светскиот конгрес за кардиоторакална хирургија КОС, Грција;
· 5/2008 Член на Претседателството на Здружението за кардиологија на РС Македонија;
· 6/2009 Избрана за член на Програм комитетот на ИСМИКС, Сан Франциско /САД;
· 5/2014 – key opinion лидер за CRRT за РС Македонија;
· 12/2018 – ја започна и разви Програмата за срцева слабост и третман со механичка циркулаторна потпора;
· 10/2019 – Школа за третман на терминален стадиум на срцева слабост со механичка циркулаторна потпора Прага, Чешка;
· 2019 – член на Претседателството на Здружението за кардиологија на РС Македонија, одговорна на групата за акутна срцева слабост.
· 5/2020 – Член на тимот за срцева трансплантација на РС Македонија;
· 10/22 – Школа за научна дејност во областа на срцевата слабост при Асоцијацијата за срцева слабост при Европското здружение по кардиологија – Сорренто, Италија;
· 11/23 – Школа за ергоспирометрија – организирана од Шилер Белград;
· 10/24 - Постдокторски студии од областа на срцева слабост во Лондон;
· 9/25 - Главен организатор и предавач на Првиот мастер курс за срцева слабост во Скопје во 2025 г., сертифициран од Асоцијацијата за срцева слабост при Европското здружение по кардиологија;
· 5/26 – водич на групата за срцева слабост при Македонското здружение по кардиологија;
· 8/26 – водич на две сесии при Европскиот конгрес по кардиологија во Минхен;
· 9/26 – Повторно организатор на претстојниот Втор мастер курс за срцева слабост во Скопје во 2026 г.

Д-р Тања Анѓушева е активен член на повеќе меѓународни здруженија:

- 2001 ESAO, European Society for Artificial Organs;
- 2003 ISMICS, International society for minimal invasive cardio surgery;
- 2003 Heart Failure Association, ESCARDIO (European society of cardiology);
- 2004 Euro-Asian Bridge of cardio surgery;
- 2005 European Society for cardiology;
- 2009 European Resuscitation society;
- 2017 British Society for intensive care;
- 2017 European Society for intensive care;
- 2017 International Academy for fluid management (IFAD);
- 2023 Работната група за миокардни и перикардни заболувања при Европското здружение по кардиологија;
- 2024 Работната група за пулмонална циркулација и деснокоморна

функција при Европското здружение по кардиологија;

- 2025 Член на Советот за базична кардиоваскуларна наука при Европското здружение по кардиологија;
- 2025 Почесна титула FESC за членство при Европското здружение по кардиологија;
- 2026 Член на Кардио-онколошкиот совет Европското здружение по кардиологија.

**Добиени признанија и награди**

06.2003 Award for the best oral presentation and best audio and visual presentation on the 6th International Congress of the International Society for minimal invasive cardiac surgery. 19.06.2003.

03/2004 Award for the best case report -10th annual Meeting CTT, Miami, Florida.

06/2008 Letter of appreciation for professional approach as a doctor - from Ministry of defence, Slovenian armed forces SICON 17 KFOR, Republic of Slovenia.

11/2016 9-то Ноемвриска награда на Општина Велес.

09/2017 Award for oral presentation on topic –Surgery in septic patient with acute aortic endocarditis – Case report , 6th International Conference and Exhibition on Surgery, London , UK (prof Goldsmith).

09/2017 Award for oral presentation on topic – Intraoperative 3D transoesophageal valvular evaluation, 6th International Conference and Exhibition on Surgery, London, UK (prof Goldsmith.

11/2020 9-то Ноемвриска награда на Општина Велес.

11/2020 -13-то Ноемвриска награда на Град Скопје.

6/2021 - Пофалница од Лекарската комора на Република Северна Македонија за посебно залагање во третманот со КОВИД 19 заболените.

**Наставна дејност**

Во рамките на наставно-образовна дејност д-р Тања Анѓушева има одржано повеќе теоретски и практични предавања во склоп на континуираната едукација која се изведува во „Жан Митрев клиника“, РС Македонија, како и едукативни работилници (поканет предавач) во Р. Словенија, Босна и Херцеговина и Србија како едукатор за третман со континуирана вено-венска ултрафилтрација на одделите за интензивно лекување. Оваа година одржа едукативна настава од областа на механичка циркулаторна потпора во третманот на напредната срцева слабост во Минск, Белорусија.

**Научна дејност**

Докторските студии на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ги завршила во предвидениот рок, а својот докторски труд со наслов **„Трансезофагеална евалуација на реконструктивната хирургија на аортната валвуларна стеноза“** го одбранила на 18 декември 2020 год.

Како резултат на нејзиното досегашно залагање, како автор и коавтор, има публикувано и презентирано 46 научни трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтни научни списанија со меѓународен уредувачки одбор, над 100 усни презентации на повеќе меѓународни собири,

124 трудови со оригинални научно-стручни резултати кои се објавени во книги на апстракти. Д-р Анѓушева има организирано 70-тина семинари и работилници во нашата република, на кои биле гости еминентни предавачи од земјата и ширум светот. Најзначаен настан е Првиот мастер курс по срцева слабост во Скопје во 2025 г., со кој Македонската кардиологија за првпат беше застапена како домаќин на еминентен европски научен и стручен настан.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

- Насл. доц. д-р Тања Анѓушева е доктор на медицински науки од областа на интерна медицина – кардиологија, а нејзината научноистражувачка работа е главно фокусирана на ехокардиографската проценка кај пациенти со изразена аортна стеноза кои подлежат на хируршки третман, проценка на пациенти со срцева слабост со поставување на индикација за механичка циркулаторна потпора и постоперативент третман на истите, воедно главна цел и тенденција и е развојот на трансплантацијата на срце во републиката. Има продлабочени знаења од областа на срцевата слабост и лекувањето на истата.
- Има сертификат за владеење со англиски јазик.
- Има уверение за државјанство.
- Има остварен просечен успех на прв циклус (додипломски) студии од 8.65, завршена специјализација по интерна медицина, супспецијализација по кардиологија, завршени докторски студии, завршени постдокторски студии.
- Има доставено сепарати од сите нејзини научно-истражувачки трудови во соодветната област (законски предуслов за избор во насловен вонреден професор се најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации).

**Научните трудови со кои д-р Тања Анѓушева ги исполнува законските критериуми за избор на звање доцент се:**

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Tanja Anguseva**, | Aortic insufficiency progression in patients with left ventricular assist devices and prior Impella support Mihalj M, Nguyen DT, Sales de Armas IA, Tosun S, et al. JHLT 2025 Feb;44(2):161-170 \| DOI: 10.1016/j.healun.2026.02.1665 contributing text Tanja Angjusheva, MD, FESC Zan Mitrev Clinic, Skopje, North Macedonia, Published 29 June 2026 | ISHLT,JOURNAL WATCH, June 2026, Cardiology | 2026 IF= 6.7 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | Chioncel O, Savarese G, Laroche C, Amir O, Tokmakova M, Cannata A, Do Doan L, Kafafy TANA, Krejci J, Moura B, Lund L, Adamo M, Guillouche W, Volterani M, Iung B, Metra M; GRASP-HF Study National Leaders and Investigators(Tanja Angjusheva-N. Macedonia) | Global Registries and Surveys Programme-Heart Failure (GRASP-HF): Rationale, study design and research implications. Eur J Heart Fail. 2025 Nov;27(11):2061-2073. doi: 10.1002/ejhf.70065. Epub 2025 Oct 22.PMID: 41126578 | Eur J Heart Fail | 2025<br>IF= 10.8 |
| 3 | Bosevski M, Bojovski I, Vuchinikj AG, **Anguseva T**, Taleski J, Dimitrovska B, Sheshoska HC, Taneska N, Jovchevska S, Konjanovski T, Zhaku V, Jovanoski M, Ilieva A, Tsonev S, Petkoska D, Jordanova SP | Uncommon Cases of Venous Thromboembolism.<br>Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki). 2023 Jul 15;44(2):175-183. doi: 10.2478/prilozi-2023-0038. Print 2023 Jul 1.PMID: 37453105 | Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki) | 2023<br>SJR= 0.133 |
| 4 | Víctor Daniel Rosenthal Ma,*, Tanja Anguseva MDbb, et all.<br>On behalf of the International Nosocomial Infection Control Consortium April 2025 | International Nosocomial Infection Control Consortium (INICC) report, data summary of 45 countries for 2012-2017: Device-associated module<br><br>April 2025 American Journal of Infection Control 49(10):1267-1274 | American Journal of Infection Control | 2025<br><br>IF= 2.35 |
| 5 | Rosenthal VD, **Anguseva T** et all | International Nosocomial Infection Control Consortium (INICC) report, data summary of 45 countries for 2013-2018, Adult and Pediatric Units, Device-associated Module. Am J Infect Control A. 2021 Oct;49(10):1267-1274. doi: 10.1016/j.ajic.2021.04.077. Epub 2021 Apr 24.PMID: 33901588 | Am J Infect Control | 2021<br><br>IF= 2.35 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | **Т.Анѓушева** | Дентален менаџмент кај кардиоваскуларни пациенти – Клиничка перспектива:<br><br>Македонско медицинско електронско списание. 2025<br><br>ноем. 20; 5:29-30<br><br>https://doi.org/10.3889/mmej.2025.6585 eISSN: 1857-9809<br><br>**Категорија:** *МИТ-ФДМ2025 - „МЕЃУ ПРАКСАТА И НАУКАТА“* **Секција:** *Стоматологија* | Македонско медицинско електронско списание | 2025<br><br>SJR = 0.8 |
| 7. | **Tanja Anguseva**, Zan Mitrev | Nutritional screening and access in patients with terminal stadium of heart failure preparing for LVAD=BVAD; Congress Presentation-Part of LVADs-From Rehabilitationto Paliative Care,Ventricular Assist Device HFA Premium Access Heart Failure 2025, Heart Failure Association (HFA) 18.05.2025 https://esc365.escardio.org/person/1012492 | ESC 365 - The cardiology knowledge hub | 2025 |
| 8. | **Tanja Anguseva**, Z.Mitrev,M.Kliceva,V. Najdovski | Mitral valve due to primary myxofibrosarcoma – treatment strategies; ***Heart Failure 2026, ESC 365*** **https://esc365.escardio.org/presentation/323561** | ESC 365 - The cardiology knowledge hub | 2026 |
| 9. | **T.Anguseva,** Z.Mitrev, S.Patcheva, Z.Atanasov | Acute left chamber failure after mechanical circulatory implantation; ***ESC 365 presentation;*** **https://esc365.escardio.org/person/1012492** | ESC 365 - The cardiology knowledge hub | 2026 |
| 10 | Константин Митев, Александар Митевски, Андреа Арсовски, Илија Милев, Влатко Цветановски, Стефан Петровски, Татјана Тројиќ<br><br>Билјана Ефтимова, **Тања Анѓушева,** Кирил Лозанче | Општа хирургија https://e-lib.ugd.edu.mk<br><br>**DOI: https://www.doi.org/10.46763/9786082770932** | https://e-lib.ugd.edu.mk<br><br>**DOI: https://www.doi.org/10.46763/9786082770932** | 2025 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11 | **Tanja N. Anguseva**, Jr., Zan Mitrev | Acute right Heart Infarction During LVAD Implantation, is It Possible to Survive? Crazy Case - Good Clinical Outcome Control/Tracking Number: 22-A-111-ECTSS | Control/Tracking Number: 22-A-111-ECTSS | 2023 |
| 12 | **Tanja Anguseva** | Mamagememt of sepsis in cardiac patients – Is it different? Symposium with international participation "HIGHLIGHTS IN CARDIOVASCULAR DISEASES" 01-03 October 2021, Skopje, North Macedonia; In extenso Publisher: Macedonian Society of Cardiology | Symposium with international participation "HIGHLIGHTS IN CARDIOVASCULAR DISEASES" 01-03 October 2021, Skopje, North Macedonia; In extenso Publisher: Macedonian Society of Cardiology | 2021 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Нас. доц. д-р Тања Анѓушева била вклучена како едукатор на специјализанти од областа на интерната медицина и кардиологија.

Од доставените биографски и библиографски податоци на д-р Тања Анѓушева, очигледно е дека таа учествувала активно на голем број обуки, работилници, конгреси и семинари од подрачјето на кардиологијата, одржани во земјава, како и надвор од нашата земја. Притоа, д-р Тања Анѓушева се стекнува со неопходно искуство за примена на здобиените практични знаења.

Д-р Тања Анѓушева е искусен професионалец во својата област, со 29- годишен специјалистички стаж и 14-годишен супспецијалистички стаж. Член е на медицински организации како: Македонско здружение на кардиолози, Европското здружение на кардиолози (ESC), член на Работна група за срцева слабост при Европското здружение за кардиологија, член на Кардио-онколошкиот совет, Работната група за пулмонална циркулација и деснокоморна функција, Работна група за миокардни и перикардни заболувања и Советот за базична кардиоваскуларна наука при Европското здружение по кардиологија.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Д-р Тања Анѓушева активно вклучена во стручно-апликативната работа на дијагностичкиот центар во „Жан Митрев клиника".

**<u>Листа на трудови и евалуација на трудовите за избор на д-р Тања Анѓушева (публикувани во последните 5 години)</u>**

***Трудови со оригинални научни резултати објавени во списанија со фактор на влијание и списанија со меѓународен уредувачки одбор:***

*1.* **Tanja Angjusheva**, MD, FESC Zan Mitrev Clinic, Skopje, North Macedonia; Aortic insufficiency progression in patients with left ventricular assist devices and prior Impella support Mihalj M, Nguyen DT, Sales de Armas IA, Tosun S, et al. JHLT 2025 Feb;44(2):161-170 | DOI: 10.1016/j.healun.2026.02.1665 contributing text, Published 29 June 2026,ISHLT,JOURNAL WATCH, June 2026, Cardiology

Во овој труд е дадена одлична анализа на трудот *Прогресија на аортната инсуфициенција кај пациенти со механичка циркулаторна потпора кои претходно се третирани со импела*. Во аналитичкиот текст објавен во JHLT 2025 одлично е потенцирана статистичката разлика во инциденцата на аортната инсуфициенција со хемодинамско значење кај пациенти со мехничка циркулаторна потпора тип ЛВАД претходно третирани со импела во споредба со оние кои не биле третирани со импела и статистички е докажано дека истите со полош клинички исход. Од ова се наметнува заклучокот дека можеби во иднина при вградување на механичка циркулаторна потпора кај пациентите претходно третирани со импела треба да се размисли за симултана замена на аортната валвула со механичка протеза.

2. https://pubmed.ncbi.nlm.nih.gov/41126578/, Chioncel O, Savarese G, Laroche C, Amir O, Tokmakova M, Cannata A, Do Doan L, Kafafy TANA, Krejci J, Moura B, Lund L, Adamo M, Guillouche W, Volterani M, Iung B, Metra M; GRASP-HF Study National Leaders and Investigators (**Tanja Angjusheva**). Global Registries and Surveys Programme-Heart Failure (GRASP-HF): Rationale, study design and research implications Eur J Heart Fail. 2025 Nov;27(11):2061-2073. doi: 10.1002/ejhf.70065. Epub 2025 Oct 22.PMID: 41126578 **Free article.**

Во овој труд се дадени сумарно податоците од реалната клиника пракса, со препораки за подобрување на квалитет. GRASP-HF регистарот е пополнет со податоците внесувани од страна на учесници од различни национални кардиолошки здруженија, меѓу кои учесник беше и македонското здружение. Овие податоци се крузијални за модулирање на националните и институционалните полиси и имаат огромно значење за развојот на водичите во иднина.

3. Bosevski M, Bojovski I, Vuchinikj AG, **Anguseva T**, Taleski J, Dimitrovska B, Sheshoska HC, Taneska N, Jovchevska S, Konjanovski T, Zhaku V, Jovanoski M, Ilieva A, Tsonev S, Petkoska D, Jordanova SP. Uncommon Cases of Venous Thromboembolism.Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki). 2023 Jul 15;44(2):175-183. doi: 10.2478/prilozi-2023-0038. Print 2023 Jul 1.PMID: 37453105 **Free article.**

Одличен приказ на збир на различни ретки случаи на тромбоемболизам. Еден од најретките опишан во овој труд е тромбоемболизам на порталната вена со појава на ретрогрална портална хипертензија и спленомегалија, последица на претходно прележана стафилококна сепса. Даден е приказ на терапевскиот пристап базиран на медицина базирана на докази, со одличен позитивен исход на пациентката.

4. Víctor Daniel Rosenthal Ma,*, Ider Bat-Erdene PhDb, Debkishore Gupta MDc, Souad Belkebir MDd,Prasad Rajhanse, Farid Zand MDf, Sheila Nainan Myatra MDg, Majeda Afeef MDh, Vito L Tanzi MDi,S. Muralidharan MDj, Vaidotas Gurskis MDk, Hail M. Al-Abdely MDl, Amani El-Kholy MDm,Safa A. Aziz AlKhawaja MDn, Suha Sen MDo, Yatin Mehta MDp, Vineya Rai MDq, Nguyen Viet Hung MDr,Amani F. Sayed MDs, Fausto Marcos Guerrero-Toapanta MDt, Naheed Elahi MDu,María del Rayo Morfin-Otero MDv, Suwara Somabutr MDw, Matias De-Carvalho MDx,Mary Shine Magdarao MDy, Velmira Angelova Velinova MDz, Ana Marcela Quesada-Mora MD aa,**Tanja Anguseva MDbb**, Aamer Ikramcc, Daisy Aguilar-de-Moros MDdd, Wieslawa Duszynska PhDee,Nepomuceno Mejia MDff, Florin George Horhat MDgg, Vladislav Belskiy MDhh, Vesna Mioljevic

MDii,Gabriela Di-Silvestre MDjj, Katarina Furova MDkk, May Osman Gamar-Elanbya MDll, Umesh Gupta MDmm,Khalid Abidi MDnn, Lul Raka MDoo, Xiuqin Guo MDpp, Marco Tulio Luque-Torres MDqq,Kushlani Jayatilleke MDrr, Najla Ben-Jaballah MDss, Achilleas Gikas MDtt,Harrison Ronald Sandoval-Castillo MDuu, Andrew Trotter MD, Sandra L. Valderrama-Beltr□an MD ww,Hakan Leblebicioglu MDч International Nosocomial Infection Control Consortium (INICC) report, data summary of 45 countries for 2012-2017: Device-associated module On behalf of the International Nosocomial Infection Control Consortium April 2025 American Journal of Infection Control 49(10):1267-1274

Мултицентрична студија во која се следи инциденцата на нозокомијални инфекции артефицијално предизвикани од поставување на различни диваjси кај пациентите и нивното одржување. Оваа студија е проследена во 45 земји Овој труд е ревијален и е еден од битните заклучоци на Интернационалниот конзорциум за контрола на нозокомијални инфекции, давајќи круцијални препораки за превенција. Модулот на INICC за периодот 2012–2017 за инфекции поврзани со уреди го истакнува постојано високото ниво на DA-HAI и отпорност на антимикробни средства во интензивните одделенија во земји со ниски и средни приходи, дури и со слична употреба на уреди, што ја нагласува потребата од континуирани интервенции за контрола на инфекции и примената на антибиотици.

5. Rosenthal VD, Duszynska W, Ider BE, Gurskis V, Al-Ruzzieh MA, Myatra SN, Gupta D, Belkebir S, Upadhyay N, Zand F, Todi SK, Kharbanda M, Nair PK, Mishra S, Chaparro G, Mehta Y, Zala D, Janc J, Aguirre-Avalos G, Aguilar-De-Morós D, Hernandez-Chena BE, Gün E, Oztoprak-Cuvalci N, Yildizdas D, Abdelhalim MM, Ozturk-Deniz SS, Gan CS, Hung NV, Joudi H, Omar AA, Gikas A, El-Kholy AA, Barkat A, Koirala A, Cerero-Gudiño A, Bouziri A, Gomez-Nieto K, Fisher D, Medeiros EA, Salgado-Yepez E, Horhat F, Agha HMM, Vimercati JC, Villanueva V, Jayatilleke K, Nguyet LTT, Raka L, Miranda-Novales MG, Petrov MM, Apisarnthanarak A, Tayyab N, Elahi N, Mejia N, Morfin-Otero R, Al-Khawaja S, **Anguseva T**, Gupta U, Belskii VA, Mat WRW, Chapeta-Parada EG, Guanche- Garcell H, Barahona-Guzmán N, Mathew A, Raja K, Pattnaik SK, Pandya N, Poojary AA, Chawla R, Mahfouz T, Kanj SS, Mioljevic V, Hlinkova S, Mrazova M, Al-Abdely HM, Guclu E, Ozgultekin A, Baytas V, Tekin R, Yalçın AN, Erben N. International Nosocomial Infection Control Consortium (INICC) report, data summary of 45 countries for 2013-2018, Adult and Pediatric Units, Device-associated Module.Am J Infect Control. 2021 Oct;49(10):1267-1274. doi: 10.1016/j.ajic.2021.04.077. Epub 2021 Apr 24.PMID: 33901588

Во овој труд се дадени мултицентричните резултати од 45 земји учеснички. Извештајот истакнува високи стапки на DA-HAI и значителна отпорност на антимикробни средства во различни светски средини, нагласувајќи ја потребата од континуирани, координирани напори за превенција на инфекции, правилна примена на антибиотици и адекватна нега и третман на пациентите.

6. **Т.Анѓушева**; Дентален менаџмент кај кардиоваскуларни пациенти – Клиничка перспектива; Македонско медицинско електронско списание. 2025 Ное 20; 5:29-30. https://doi.org/10.3889/mmej.2025.6585 eISSN: 1857-9809

**Категорија:** *МИТ-ФДМ2025 - „МЕЃУ ПРАКСАТА И НАУКАТА “* **Секција:** *Стоматологија*

Во овој труд авторката ја поврзува клиничката пракса и водичите при менаџирањето на комплексните кардиолошки и кардиохируршки пациенти кои имаат потреба од стоматолошка интервенција. Дава посебен осврт на правилен прекин на антикоагулантната и антиагрегационата терапија кај кардиолошките пациенти при стоматолошка интервенција, како да се обезбеди правилна ендокардитис профилакса и кај кои пациенти. Дава препораки за стоматолошкиот третман кај пациенти со хипертензија, кога по срцев инфаркт се препорачува стоматолошка интервенција. На крај дава значајни препораки за пристап кај пациенти со акутен ангинозен синдром и шокова состојба. Труд којшто е од голема важност за секојдневната стоматолошка клиничка пракса.

7. **T.Angjusheva**; Nutritional screening and access in patients with terminal stadium of heart failure preparing for LVAD=BVAD Congress Presentation-Part of LVADs-From Rehabilitationto Paliative Care,Ventricular Assist Device HFA Premium Access Heart Failure 2025, Heart Failure Association (HFA) 18.05.2025 https://esc365.escardio.org/person/1012492 ESC365- The cardiology knowledge hub

Во овој труд е потенцирано значењето од правилна нутритивна процена на пациентите во напреднат стадиум на срцева слабост пред да се пристапи кон поставување на механичка циркулаторна потпора. Кај сите пациенти е користен MUST прашалникот како алатка за процена на тежината на потхранетост и врз основа на тоа подготовка на адекватна нутрициска диета. Воедно статистичките податоци покажуваат сигнификантна поврзаност на пробли во заздравување на раните и почести инфекции кај потхранетите пациенти.

8. **T.Anguseva. Z.Mitrev .M.Kliceva,V.Najdovski Mitral valve due to primary myxofibrosarcoma – treatment strategies;*Heart Failure 2026, ESC 365* https://esc365.escardio.org/presentation/323561**, ESC 365 - The cardiology knowledge hub

Трудот е приказ на редок случај на пациентка која пред една година е оперирана од леомиосарком на срце лоциран на преткоморната преграда, која и покрај хемио и зрачната терапија по неполна година пројавува клинички знаци на срцева слабост и на ехокардиографија е верифициран нов тумор израснат на атријалната страна на задниот митрален куспис (нова локализација). Ехокардиографски туморот е со мимикрија на миксом, но патохистолошката анализа покажа дека всушност се работи за миксофибросарком една многу ретка малигна форма со локализација на срце, која за жал често рецидивира и не ретко метастазира во коски, црн дроб и бели дробови и глава. Пациентката еден месец по хируршкиот третман е поставена на целна хемиотерапија. Задолжителни се чести ехо контроли за следење на локалниот наод за рана детекција на евентуално ново разраснување, според препораките од ретките објавени слични случаи.

9. T.Anguseva,Z.Mitrev,S.Patcheva,Z.Atanasov; Acute left chamber failure after mechanical circulatory implantation ***ESC 365 presentation;*** ESC365-The cardiology knowledge hub

Трудот дава приказ на случај на пациент кој 12 дена по имплантација на механичка циркулаторна потпора добива акутна левокоморна слабост поради тромбозирање на пумпата и почетниот дел на графтот кој излегува од пумпата. Во трудот е прикажана дијагностиката базирана на клиничката

слика, ехокардиографскиот наод потврдени со контрастната компјутерска снимка, како и целокупната животоспасувачка третман стратегија со болусни високи дози на хепарин со таргет АЦТ над 400 и хируршка процедура на повторно отворање и чистење на пумпата и графтот од тромби. Пациентот е со позитивен клинички исход со секвела на деснострана пареза на раката од потежок степен и отежнат говор. Во трудот е направена одлична анализа за причината за ова тромбозирање на пумпата. Во заднина најверојатно следи политрансфузијата која пациентот ја имал поради пролонгирана дренажа и ревизијата на градниот кош поради обилно крвавење. ЛДХ е одличен и клинички значаен маркер за следење на можното тромбозирање на вградената ЛВАД пумпа.

10**. Tanja N. Anguseva, Jr.**, Zan Mitrev. Zan Mitrev Clinic, Skopje, Macedonia, Acute right Heart Infarction During LVAD Implantation, is It Possible to Survive? Crazy Case - Good Clinical Outcome The Former Yugoslav Republic of. Control/Tracking Number: 22-A-111-ECTSS

Одличен приказ на случај на пациент со тросадовна коронарна болест кој има развиено терминален стадиум на срцева слабост на левата комора, со десна комора која е гранична по своите перформанси. Десната коронарна артерија е доминантна. Пациентот влегува во хируршка сала, се поставува механичка циркулаторна потпора на левата комора, но при излегување од машината за екстракорпорална циркулација развива деснокоморна слабост, поради што итно е вратен на машина и не е можно одвојувањето се до моментот додека не се направи бајпас на десната коронарна артерија. Во постоперативниот тек пациентот е со пролонгирано заздравување поради акутната деснокоморна декомпензација, но сепак со позитивен клинички исход и отпуштен дома по 2,5 месеци болнички третман. Овој приказ на случај потенцира дека во процената за третман на пациентите со напредната левокоморна слабост каде што етиологијата е исхемична премостувањето на левото стебло не се препорачува, но според Консензусот од 2019 година на Евгениј Потапов како главен автор при доминантна деснокоморна гранка се препорачува во ист акт и бајпасирање на десната коронарна артерија за превенирање на акутна десно коморна слабост.

11.Константин Митев, Александар Митевски, Андреа Арсовски, Илија Милев, Влатко Цветановски, Стефан Петровски, Татјана Тројиќ, Билјана Ефтимова, **Тања Анѓушева,** Кирил Лозанче; Општа хирургија, https://e-lib.ugd.edu.mk **DOI: https://www.doi.org/10.46763/9786082770932**

Во оваа книга поглавјето за предоперативна подготовка дава детален приказ за правилна и точна дијагностика на секој пациент кој треба да добие хируршки третман. Тргнувајќи од анамнестичките податоци, клиничката слика и неопходните дијагностички процедури, направено е детално стратифицирано на коморбидитетите и правилната процена на секој пациент од дополнителен ризик при хируршки третман.

12. **T. Anguseva** Zan Mitrev Clinic, Skopje, North Macedonia; Mamagememt of sepsis in cardiac patients – Is it different ? Symposium with international participation “HIGHLIGHTS IN CARDIOVASCULAR DISEASES” 01-03 October 2021, Skopje, North Macedonia; In extenso Publisher: Macedonian Society of Cardiology

Во овој труд се потенцирани спецификите на кардијалните пациенти во услови на сепса. Можноста за добивање на ендокардит и миокардит начинот

на третман, потребата од катехоламини и начинот на нивно менаџирање во услови на развој на срцева слабост и процената и третманот на пациентите со развој на миокардит во услови на сепса. Прикажано е значењето на третманот со ЦРРТ – Огзирис филтер во третманот посебно на ендотоксичниот шок и акутното срцево попуштање. Овој труд базиран на последните препораки на европското здружение е со јасни препораки за примена во клиничката пракса кај кардиолошките пациенти во услови на сепса.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на анализата на приложените документи, како и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа насловен доцент д-р Тања Анѓушева има голем придонес во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност.

Согласно со претходно изнесеното, како и во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да ја избере насловен доцент д-р Тања Анѓушева во насловно звање насловен вонреден професор за наставно-научната област кардиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Елизабета Србиновска Костовска, претседател, с.р.
Проф. д-р Христо Пејков, член, с.р.
Проф. д-р Милка Здравковска, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**
**Насловен доцент д-р Тања Анѓушева**

| Р. бр. | **Наставно-образовна дејност** | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Насловен доцент | **30** | | | | |
| | | | | | | |
| Р. бр. | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | Поени | | | | |
| | | во земјава | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| 3 | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) (15/10/5)<br><br>**Труд со реден број 1 – прв автор (1 x 15 )**<br>**Труд со реден број 2,4,5 – останати автори** (3 **x 5** ) | 1 x 15 = 15<br><br>3 x 5 = 15 | | | | **30** |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) (9/6/3)<br><br>**Труд под реден број 6 – прв автор (1 x 9)**<br>**Труд под реден број 3 – останати автори (1 x 3 x 0,7)** | 1 x 9 = 9<br><br>1 x 2,1 | | | | **11,1** |
| 5 | Труд објавен во зборник на трудови<br>Труд под реден број 7,8,9,10 и 12 | 1 | 2 | 4 | 3 | **14** |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир | 2 | 3 | 12 | 6 | **78** |
| 7 | Секциско предавање на научен собир | 7 | 2 | | | **14** |
| 11 | Одбранет постдокторски труд | | | 1 | 6 | **6** |
| 23 | Студиски престој во странство | 8 | | | | **8** |
| | **Вкупно** | | | | | **161,1** |
| Р. бр. | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | Поени | | | | |
| | | во земјава | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| 2 | Поглавје од книга / учебник ( бр. 11) | 4 | | | | **4** |
| 12 | Претседател на организациски или програмски одбор на стручен собир | 2 x 2 | | | | **4** |
| 14 | Прифатени иновации | 3 x 5 | | | | **15** |
| 19 | Стручни награди и признанија | 2 x 4 | | | | **8** |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија | 5 x 2 | | | | **10** |
| 29 | Член на институтски орган, комисија | 6 x 2 | | | | **12** |
| | **Вкупно** | | | | | **53** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **244,1 бода** | | | | |